РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2540/4

19-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 55 -та седница одржано на ден 17.11.2021 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 2540 од 2021 година, оформен по пријава број 12-2540/1 од 22.07.2021 година на непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што по предметниот случај е постапено од друг надлежен орган и не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12-2540 од 2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2540 од 2021 година е оформен по пријава поднесена од непознат подносител - -------------------, заведена под број 12-2540/1 од 22.07.2021 година, со наводи за незаконско работење во ------------------------------------------ по однос на тековна постапка за избор на директор на училиштето и за други неправилности во работењето. Во врска со предметниот случај, од страна на членовите на училишниот одбор на предметното училиште, било доставено известување до друг надлежен орган, Државниот просветен инспекторат, со кое го известиле за незаконитото работење во предметното основно училиште и се побарало нивно итно постапување и преземање на соодветни мерки и санкции против пријавените лица поради нивното непрофесионално, несоодветно и незаконско работење.

Заради проверка на предметните наводи, ДКСК достави барање до Државниот просветен инспекторат за обезбедување податоци и информации во врска со пријавените наводи. По разгледувањето на прибавената документација, констатирано е дека за предметниот случај било постапено од страна на друг надлежен орган кој постапувајќи по доставена претставка од членови на училишен одбор извршил вонреден инспекциски надзор на предметното основно училиште и врз основа на констатираната состојба не биле утврдени неправилности во однос на наводите изнесени во поднесокот, а во прилог на овој допис е доставен и Записник од инспекцискиот надзор извршен од државниот просветен инспекторат.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека по овој предмет нема елементи за нејзино натамошно постапување од причина што во случајот било постапено од страна на друг надлежен орган и не се потврдени предметните наводи, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : С.П.Д ,член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk